Бр. 09-2669/2
22-05-2020 год.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од непознат подносител, на 30 - тата седница прво продолжение одржана на ден 18 мај 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2669/1 од 10.05.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2669/1 од 10.05.2019 година.

Предметот со број 09-2669/1 од 10.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2669/1 од 10.05.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава по електронска пошта со наводи дека претседател на политичка партија кога бил дел од минатата Влада на РСМ влијаел за вработување на повеќе блиски лица.

Државната комисија констатира дека лицето наведено во пријавата не претставува службено лице согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што Државната комисија нема надлежност да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК